**2479.**

Врз основа на член 50-б став 3 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 96/04 и 81/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.09.2008 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО СПОРТСКО ПРИЗНАНИЕ ЗА ВРВНО СПОРТСКО ОСТВАРУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа уредба поблиску се уредуваат условите и начинот за доделување на Национално спортско признание за врвно спортско остварување, како и утврдување на висината на паричниот надоместок.

### Член 2

Национално спортско признание за врвно спортско остварување (во понатамошен текст: Национално спортско признание) се доделува на спортистите сениори поединци ( во натамошниот текст- спортистите) државјани на Република Македонија, врз основа на постигнати резултати, за врвни спортски остварувања, репрезентативци на Република Македонија, или поранешна СФР Југославија, кои ги исполнуваат условите и критериумите утврдени во оваа уредба.

### Член 3

(1) Еднаш стекнатото Национално спортско признание има траен карактер и доживотно му припаѓа на спортистот како титула.

(2) На спортистот на кој му е доделано Национално спортско признание му се доделува плакета.

## II. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО СПОРТСКО ПРИЗНАНИЕ

### Член 4

(1) Национално спортско признание во олимписки и параолимски спортови:

- се доделува на спортистите како и на спортските екипи – репрезентации, кои освоиле златен сребрен или бронзен медал, односно за освоено прво, второ или трето место на олимписки и параолимписки игри и шаховски олимпијади.
- се доделува на спортисти и спортски екипи – репрезентации, кои освоиле златен сребрен или бронзен медал, односно за освоено прво, второ или трето место на светски и европски сениорски првенства во олимписки и параолимписки спортови.